РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРТВО ЗА ПРАВДА

ПРЕДЛАГАЧ:
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ПРЕСТАВНИЦИ:
-Bilen Saliji, министер
- Оливер Ристовски, заменик министер

ПОВЕРЕНИЦИ:

# ПРЕДЛОГ НА
# ЗАКОН ЗА АМНЕСТИЈА

Скопје, септември, 2017 година

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА НЕГОВО ДОНЕСУВАЊЕ

Правото на простување (милост) на државата кон сторителите на казнени дела е познат во правните системи, како овластување на држацвата под услови пропишани со закон, против сторители на кривични дела да не се покренува казнено гонење или на веќе осудените лица казната да им биде простена или ублажена. Институтот амнестија наоѓа смисла во неприкосновеното право на казнување на државата, од каде произлегува и правото на простување на сторителот на казненото дело.

Казната претставува справедлива одмазда за извршеното дело, додека амнестијата преставува простување, израз на добра волја и милост кон осудените лица да се помогне во процесот на нивната ресоцијализација.

Овој институт постои и се применува во многу европски држави. Во Уставот на Франција, е пропишано дека надлежен орган за давање амнестија е собранието.

Според Уставот на Италија законот за амнестија се донесува со двотретинско мнозинство. Во Италија е позната општа амнестија која ги опфаќа сите затвореници. Ваков акт е донесен во 2006 година и со него, на осудените лица им биле скратени три години од изречената казна.

Амнестијата како акт на милост е позната и во правниот систем на Швајцарија и Турција, а поинакви правила важат во Обединетото Кралство, каде актите на милост му припаѓаат на кралот, иако, Парламентот во неколку наврати досега усвоил закони за амнестирање на затворениците и на учесниците во конфликти. Во Словенија, закон за амнестија е донесен во 2001 година и со него било предвидено ослободување за една четвртина од изречената казна затвор на лицата кои со правосилна пресуда биле осудени на казна затвор, а кои сѐ уште не ја извршиле казната. За специјалните повратници (лица осудени за кривични дела од ист вид), Законот предвидувал намалување за една петтина од изречената казна.

Во Србија, Закон за амнестија е донесен во 2010 година, и во 2012 година.

Во Република Македонија од моментот на нејзиното осамостојување донесени се повеќе закони за амнестијата. Првиот закон за амнестија е донесен во 1991 и со него биле опфатени осудените лица кои се наоѓале на издржување на затворска казна, како и оние кои се уште не биле упатени на издржување на казната.

Законот за амнестија од 1999 година се однесува на лицата осудени со правосилна пресуда на казна затвор за кривични дела казниви со Кривичниот Законик и со друг закон на Република Македонија, на кои од страна на домашен

суд им била изречена единствена казна затвор, како и лица осудени со правосилна пресуда од суд на поранешните југословенски републики, кои на денот на влегувањето во сила на овој закон започнале со издржување на казната во казнено-поправните установи во Република Македонија.

Во 2002година е донесен Законот за амнестија како резултат на потребата од поставување соодветна правна рамка како инструмент за реализација на Охридскиот договор. Законот предвидувал ослободување од гонење, запирање на кривичните постапки и потполно ослободување од извршувањето на казната затвор на граѓаните на Република Македонија, лицата со законски престој, како и на лицата кои имале имот или семејство во Република Македонија, а за кои постоело основано сомневање дека подготвиле или сториле кривични дела поврзани со конфликтот во 2001 година, заклучно со 26 септември 2001 година. Амнестијата се однесувала и на лицата кои и пред 1 јануари 2001 година подготвувале или сториле кривични дела во врска со конфликтот во 2001 година. Со актот на амнестија не биле опфатени меѓународните злосторства за кои е надлежен Хашкиот трибунал. Законот содржел и основ за ослободување од извршувањето на казната затвор за 25% од неиздржаниот дел во поглед на лицата осудени со правосилна пресуда за кривични дела пропишани со Кривичниот законик и друг закон на Република Македонија, ако и на денот на влегувањето во сила на овој закон започнале со издржувањето на казната затвор во казнено-поправните установи во Република Македонија.

Закон за амнестија е донесен и во 2003 година (ревидиран во 2004 година), а неговите одредби се однесувале на граѓаните на Република Македонија кои не ја извршиле воената обврска.

Со оглед на наведеното се оцени за потребно да се предложи донесување на нов Закон за амнестија како израз на добра волја на државата кон одредена група на правосилно осудени лица, а со цел за нивна ресоцијализација и растеретување на затворите од прекумерниот број на лица кои се наоѓаат на отслужување на затворска казна воедно имајќи ги во предвид и условите во казнено-поправните установи во државата.

Воедно напоменуваме дека со предложениот текст на закон не се предвидува амнестија за лица правосилно осудени на казна доживотен затвор, како и за сторители на кривично дело Убиство од член 123 од Кривичниот законик, кривични дела против избори и гласање (член 158-165-в) од Кривичниот законик, за кривични дела против половата слобода и половиот морал и тоа: (член 186, член 187, член 188, член 189, член 191, член 191-а, член 193, член 193-а, член 193-б и член 194 од Кривичниот законик, за кривични дела против државата (член 305-327) од Кривичниот законик, за кривични дела злосторничко здружување (член 394-394-г), од Кривичниот законик и за кривичните дела против човечноста и меѓународното право (член 403-418-а, 418-в до 422 од од Кривичниот законик.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целите што ќе се постигнат со донесување на Закон за амнестија се
- ресоцијализација на сторителите на кривични дела;
- финансиско растеретување на Буџетот на Република Македонија, во однос на издржувањето на затворската популација.
Основна цел на Законот за амнестија е потребата за јакнење на рехабилитативниот концепт и помагање на процесот на реинтеграција на осудените лица.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предложениот закон нема да предизвика дополнителни финансиски импликации врз Буџетот на Република Македонија.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предложените законски одредби нема да предизвикаат дополнителни материјални обврски за одделни субјекти.

ПРЕДЛОГ НА
ЗАКОН ЗА АМНЕСТИЈА

Член 1

Со овој закон се уредува ослободувањето од извршување на казна (во натамошниот текст: амнестија) на:

- лицата осудени со правосилна пресуда на казна затвор за кривични дела пропишани со Кривичниот законик или други закони, кои на денот на влегувањето во сила на овој закон започнале со издржување на казната затвор во казнено-поправните установи во Република Македонија,
- на лица осудени со правосилна пресуда на казна затвор за кривични дела пропишани со кривични закони на друга држава доколку сторителот е државјанин на Република Македонија и казната ја издржува во Република Македонија врз основа на извршување на кривична пресуда на странски или меѓународен суд,
- осудени лица кои на денот на влегувањето во сила на овој закон не започнале со издржување на казната затвор;

Целосно се ослободуваат од издржување на казната затвор лицата осудени за дела кои на денот на влегувањето во сила на овој закон повеќе не претставуваат кривични дела.

Член 2

Осудените лица од членот 1 на овој закон на кои им е изречена казна затвор до шест месеци, потполно се ослободуваат од издржувањето на казната.

Сите други осудени лица од членот 1 на овој закон се ослободуваат од издржување на 30% од целокупната казна изречена со правосилна пресуда.

Член 3

Амнестијата не се однесува на лицата осудени:

- на казна доживотен затвор;
- за кривично дело Убиство од член 123 од Кривичниот законик;
- кривични дела против избори и гласање (член 158-165-в) од Кривичниот законик;
- за кривични дела против половата слобода и половиот морал и тоа: (член 186, член 187, член 188, член 189, член 191, член 191-а, член 193, член 193-а, член 193-б и член 194) од Кривичниот законик;
- за кривични дела против државата (член 305-327) од Кривичниот законик;
- за кривични дела злосторничко здружување (член 394-394-г), од Кривичниот законик;

- за кривичните дела против човечноста и меѓународното право (член 403-418-а и од  418-в до 422) од од Кривичниот законик.

Член 4

На амнестија не подлежат правосилно осудени лица за кои до денот на влегување во сила на овој Закон е наредено издавање на потерница поради нивна недостапност на органите на кривичниот прогон.

На амнестија не подлежат и лица кои делата предмет на амнестија ги сториле по 20.09.2017 година.

Судијата за извршување на санкции е должен во рок од три дена од влегување во сила на овој Закон, писмено да го извести судот кој е надлежен да постапува, за постоење на околности од ставот 1 на овој член.

Член 5

Постапката за примена на овој закон за осудените лица кои се наоѓаат на издржување казна затвор, се поведува по службена должност од страна на казнено-поправната установа.

Постапката за примена на овој закон за осудените лица кои не отпочнале со издржување на казната затвор, поведува судот што ја донел првостепената пресуда по службена должност, по барање на јавен обвинител или по бараење на осуденото лице.

Решението за амнестија според одредбите на овој закон го донесува судот што ја донел првостепената пресуда,  во рок од пет дена од денот на приемот на барањето во судот.

Против решението од став 3 на овој член, жалба можат да поднесат осуденото лице и лицето кое во корист на осуденото лице може да изјави жалба, во рок од 24 часа од прием на решението. а јавниот обвинител само по однос на процедурални прашања поврзани со донесувањето на решението за амнестија.

По жалбата против решението на првостепениот суд одлучува непосредно повисокиот суд, во рок од 48 часа.

Жалбата од став 4 на овој член не го задржува извршувањето на решението.

Член 6

Доколку со овој закон не е поинаку определено, во постапката за спроведување на овој закон се применуваат  одредбите од Законот за кривична постапка.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ ЗА АМНЕСТИЈА

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Предлог на Законот за амнестија на Република Македонија содржи 7 члена.

Членот 1 ја објаснува содржината на Законот за амнестија.Имено со овој закон се предвидува ослободувањето од извршување на казна на:

- лицата осудени со правосилна пресуда на казна затвор за кривични дела пропишани со Кривичниот законик или други закони, кои на денот на влегувањето во сила на овој закон започнале со издржување на казната затвор во казнено-поправните установи во Република Македонија,
- на лица осудени со правосилна пресуда на казна затвор за кривични дела пропишани со кривични закони на друга држава доколку сторителот е државјанин на Република Македонија и казната ја издржува во Република Македонија врз основа на извршување на кривична пресуда на странски или меѓународен суд,
- осудени лица кои на денот на влегувањето во сила на овој закон не започнале со издржување на казната затвор;

Целосно се ослободуваат од издржување на казната затвор лицата осудени за дела кои на денот на влегувањето во сила на овој закон повеќе не претставуваат кривични дела.

Во членот 2 се наведени кои осудени лица и на какви изречени казни се амнестираат како и процентот за кој се ослободуваат во делот на казната.Оваа поделба се врши врз основа на висината на казната која им е изречена на сторителите на кривичните дела.Така,се предлага сите осудените лица од членот 1 на овој закон на кои им е изречена казна затвор до шест месеци, потполно да се ослободат од издржувањето на казната. Сите други осудени лица од членот 1 на овој закон се ослободуваат од издржување на 30% од целокупната казна изречена со правосилна пресуда.

Во членовите 3 и 4 се објаснува за кои кривични дела нема да важи амнестијата, односно кои осудени лица нема да бидат опфатени со законот за амнестија.Во оваа одредба е применета т.н. „негативна“ клаузула со која изречно се исклучуваат делата што не се опфатени со амнестијата. Со законот се предвидува дека амнестијатане се однесува на лицата осудени:

- на казна доживотен затвор;
- за кривично дело Убиство од член 123 од Кривичниот законик;
- кривични дела против избори и гласање (член 158-165-в) од Кривичниот законик;

- за кривични дела против половата слобода и половиот морал и тоа: (член 186, член 187, член 188, член 189, член 191, член 191-а, член 193, член 193-а, член 193-б и член 194)од Кривичниот законик;
- за кривични дела против државата (член 305-327) од Кривичниот законик;
- за кривични дела злосторничко здружување (член 394-394-г), од Кривичниот законик;
- за кривичните дела против човечноста и меѓународното право (член 403-418-а и од 418-в до 422) од Кривичниот законик.

Доживотниот затвор е пропишан за најтешките кривични дела од Кривичниот законик и затоа за лицата кои се осудени на доживотен затвор не се опфатени со амнестијата од овој закон. Окрај лицата кои се осудени на казна доживотен затвор, со амнестијата не се опфатени и други потешки кривични дела кои се наведени во овој закон, а тоа се:

- за кривично дело Убиство од член 123 од Кривичниот законик, каде што се опфатени основниот облик на кривичното дело убиство, но и на неговите квалификаторни облици како: убиството на свиреп и подмолен начин, убиството при вршење семејно насилство, убиството извршено со умисла со што се доведува во опасност животот на уште некое лице, убиство од користољубие, заради извршување или прикривање на друго кривично дело, од безобѕирна одмазда или од други ниски побуди, убиство по порачка, убиство заради вадење на орган, ткиво или клетки за пресадување, убиство на малолетно лице или женско лице за кое убиецот знае дека е бремено, убиство на судија, јавен обвинител, адвокат или др. лица наведени во Кривичниот законик во вршење на нивната функција;

- кривични дела против изборите и гласањето (член 158-165-в) од Кривичниот законик. Со тоа се праќа јасна порака за сторителите на овој вид кривични дела особено имајќи го предвид фактот дека ни престојат локалните избори. Овде посебно значајни се следниве кривични дела: Спречување на избори и гласање, Повреда на избирачкото право, Повреда на слободата на определување на избирачите, Злоупотреба на избирачкото право, Поткуп при избори и гласање, Повреда на тајноста на гласањето, Уништување на изборен материјал, Изборна измама, Противзаконито располагање со буџетски средства за време на избори и Злоупотреба на средствата за финансирање на изборната кампања.

- за кривични дела против половата слобода и половиот морал и тоа: (член 186, член 187, член 188, член 189, член 191, член 191-а, член 193, член 193-а, член 193-б и член 194 од Кривичниот законик. Овде влегуваат следниве кривични дела: Силување, Обљуба врз немоќно лице, Полов напад врз дете кое не наполнило 14 години, Обљуба со злоупотреба на положбата, Посредување во вршење проституција, Детска проституција, Прикажување на порнографски материјал на дете, Производство и дистрибуција на детска порнографија, Намамување на обљуба или друго полово дејствие на дете кое не наполнило 14 години и Родоскврнавење;

- за кривични дела против државата (член 305-327) од Кривичниот законик) каде што влегуваат: Велепредавство, Признавање на окупација, Загрозување на територијалната целина, Загрозување на независноста, Убиство на претставници од највисоките државни органи, Грабнување претставници на највисоките државни органи, Насилство спрема претставници на највисоките државни органи, Вооружен бунт, Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста, Диверзија, Саботажа, Шпионажа, Оддавање државна тајна, Повикување на насилна промена на уставниот поредок, Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа, Повреда на територијалниот суверенитет, Спречување на борба против непријателот, Служба во непријателска војска, Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации, Помагање на непријателот, Здружување заради непријателска дејност, Криење и помагање на сторител по извршено кривично дело и Казнување за подготвување, Казнување за најтешките форми на кривични дела;

- за кривични дела злосторничко здружување (член 394-394-г), од Кривичниот законик, каде што се особено тешките кривични дела како : Злосторничко здружување, Терористичка организација, Тероризам, Финансирање на тероризам и Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем

- за кривичните дела против човечноста и меѓународното право во кои покрај кривичните дела од сферата на воените злосторства се опфатени и кривичните дела трговија со луѓе, трговија со дете и сл. (член 403-418-а, 418-в до 422 од Кривичниот законик). Кривичните дела од оваа глава се опфатени во меѓународното кривично право, како наддржавно и супранационално право, што значи дека одредени човекови поведенија се пропишуваат како меѓународни казнени дела и за нив се предвидуваат услови за одговорност, независно од националните законодавства. Фунцијата на овие норми е да ги заштитат универзалните човекови слободи и права. Овие супранационални, односно когентни норми на меѓународното казнено право се задолжителни за секоја држава и тие важат без оглед дали таа ги почитува или спроведува во своето национално право. Токму затоа, меѓу другото и нашиот Кривичен законик предвидува незастарливост на кривичното гонење и на извршувањето на казната

Воедно, на амнестија не подлежат и правосилно осудени лица за кои до денот на влегување во сила на овој Закон е наредено издавање на потерница поради нивна недостапност на органите на кривичниот прогон, како и на лица кои делата предмет на амнестија ги сториле по 20.09.2017 година. Се предвидува и задолжение на судијата за извршување на санкции во рок од три дена од влегување во сила на овој Закон, писмено да го извести судот кој е надлежен да постапува, за постоење на околности од ставот 1 на овој член.

Во членот 5 се уредува постапката за давање на амнестија, односно органот кој ја спороведува постапката, како и издавањето на решението за амнестија. Имено, постапката за примена на овој закон за осудените лица кои се наоѓаат на издржување казна затвор, се поведува по службена должност од страна на казнено-поправната установа, додека постапката за примена на овој закон за осудените лица кои не отпочнале со издржување на казната затвор, поведува судот што ја донел првостепената пресуда по службена должност, по барање на јавен обвинител или по бараење на осуденото лице. Согласно членот 5, решението за амнестија според одредбите на овој закон го донесува судот што ја донел првостепената пресуда, во рок од пет дена од денот на приемот на барањето во судот. Против ова решение, пропишано е дека жалба можат да поднесат осуденото лице и лицето кое во корист на осуденото лице може да изјави жалба,во рок од 24 часа од прием на решението. ајавниот обвинител само по однос на процедурални прашања поврзани со донесувањето на решението за амнестија.По жалбата против решението на првостепениот суд одлучува непосредно повисокиот суд, во рок од 48 часа. Значајно е да се истакне и дека жалбата од став 4 на овој член не го задржува извршувањето на решението.

Во членот 6 се наведува дека во постапката за спроведување на овој закон ќе се применат одредбите на Законот за кривичната постапка, доколку со неговите одредби не е поинаку определено.

Со членот 7 се уредува влегувањето во сила на законот и отпочнувањето на неговата примена.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и претставуваат една правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИОТ ЗАКОН ЗА АМНЕСТИЈА

Донесувањето на законот има за цел да се овозможи процесот на ресоцијализација и социјална реадаптација на осудените лица.